РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: Министерство за финансии**
- **г-дин Кирил Миноски, Министер**

Бр.05-4286/3

Скопје 12.10.2016г.

**Предмет: Известување за извршена обврска согласно член 76-г од Изборниот Законик („Службен весник на Република Македонија“, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 196/15 и 142/16).**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Ве известува дека до 12.10.2016 година, Министерството за финансии ја нема извршено обврската согласно член 76-г од Изборниот Законик („Службен весник на Република Македонија“, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 196/15 и 142/16), да префрли финансиски средства на изборната сметка на Агенцијата.

Ве потсетуваме дека на 02.09.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Допис бр. 05-4286/1 Ви достави Барање за одобрување финансиски средства за реализација на активностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за изборните активности во 2016-та година, во кое се точно наведени сите ставки за кои е поднесено барањето, додека на 07.09.2016 година со Допис бр. 05-4286/2 Ве известивме за реактивираната денарска сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Комерцијална Банка АД Скопје, за реализирање на изборните активности по повод Предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат на 11-ти декември 2016-та година.

Бидејќи согласно последните измени во Изборниот Законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има активности 100 дена пред одржувањето на Предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат на 11-ти декември 2016-та година, неисполнувањето на обврските од страна на Министерството за финансии претставува прекршување на Договорот потпишан помеѓу четирите политички партии, на кој гаранти беа Амбасадата на САД во Република Македонија и Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија. Заради тоа, се доведува во прашање спроведувањето на изборите.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Поради сето погоре наведено, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ги извести четирите политички партии потписнички на договорот и Амбасадата на САД во Република Македонија и Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Претседател на Советот на Агенцијата**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Дописот е доставен и до:

Политичка партија ВМРО-ДПМНЕ

Политичка партија СДСМ

Политичка Партија ДУИ

Политичка партија ДПА

Амбасада на САД во Република Македонија

Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија